**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-**

**З А П И С Н И К**

**Од 146.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 27.04.2021 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,146.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на записникот од 145.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.

3. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 145.седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 145.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 145.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **ги усвои** записникот од 145.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.**

По однос по расправата по оваа точка на почетокот беше разгледувано прашањето до каде е постапката за брањето до Здружението за заштита на авторски музички права-ЗАМП.
Горан Атанасов директор на заеднички функции и администрација во МРТ објасни дека е формирана комисија доставени се барања во координација со нивната правна служба,одржан е и состанок во поширок состав и на повисоко ниво помеѓу двете институции,и се чека да ни потврдат евентуални повреди кои се правеле, и подоцна доколу воочиме дека има индиции за било каква повреда ќе се обратиме до соодветни надлежни инстуции да започнат постапка согласно закон,што значи дека целосно е постапено по заклучокот на Програмскиот совет на МРТ,и советот ќе добива известување од состаноците што ќе бидат одржани.
Анита Латифи со прашање дали има некој податок колкава е финансиската проневера кој е направена спрема МРТ.Горан одговори дека ЗАМП сеуште нема доставено таков официјален податок,па не може да кажеме во моментов ништо околу тоа.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со прашање по однос на заклучокот со кој се бараше награда за спортските коментатори кои го вршеа преносот на фудбалскиот натпревар помеѓу репрезентациите на Грузија и Македонија.
Горан Атнасов одговори дека нема податок и дека кај него ги наме тие податоци и не може да ги достави до советот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со прашање по однос на заклучокот со кој се бараше списоците во прилог на кварталниот извештај да бидат дополнети со договори.
Горан Атнасов одговори дека се работи од одделението за реализација на буџети и ќе бидат доставени за наредна седница.
Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија објасни дека од Извештајот на заклучоци по следниве заклучоци нема постапено или е делумно постапено:
**Заклучок:**
Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да организира заеднички состанок со Директорката на МРА-Ајтен Власаку Мехмети и Одговорниот уредник на Втор програмски сервис на МРА-Зоран Мирчевски, и на тој состанок итно да изнајдат решение како да ангажираат минимум неопходни вработувања за потребите на Вториот програмски сервис на МРА,како и да достави Информација до Програмскиот совет на МРТ од одржаниот состанок.
**Заклучок:**
Програмскиот совет на МРТ ги задолжува Директорот на МРТ и Директорката на МРА да организираат состанок со АЕК (Агенција за електронски комуникации) и МРД (Македонска Радиодифузија), и да се координира работата со сите засегнати институции за изнаоѓање на решение за проблемот со Четвртиот програмски сервис на МРА, за исполнување на основните законски обврски за функционирање на сервисот.

**Заклучок:**
Програмскиот совет на МРТ му укажува на Менаџментот на МРТ да реагира по однос на невистините изразени во истражувањето на Центарот за за граѓански комуникации, посветено на транспарентноста на јавните претпријатија во Македонија,а во кое беше и наведена МРТ како јавно претпријатие како нетраснпарентно јавно претпријатие со тоа што необјавува кварталните финансиски извештаи.
**Заклучок:**
Во согласност со член 37-р од Законот за јавни претпријатија, член 70 од Законот за административни службеници и член 40 од Законот за вработените во јавниот сектор, Програмскиот совет на МРТ поднесува иницијатива до Директорот на МРТ за предлог за покренување на дисциплинска постапка за одговорност за неизвршување на работите и работните задачи на непознат сторител - вработен во ЈРП МРТ.
Со оваа предлог иницијатива предлагаме Директорот на МРТ да утврди кој вработен не ги извршил работните задачи за ненавремена достава на документите до службите за избор на кандидат по интерен оглас бр. 05/2020 и за истото лице се иницира предлог да се покрене дисциплинска постапка за евентуална негова лична одговорност.
**Заклучок:**
Програмскиот совет на МРТ го разгледа Извештајот на склучени договори за период од Декември 2020-Февруари 2021, и го задолжува Директорот на МРТ и Одоговрните уредници на Прв и Втор програмски сервис МТВ да достават Информација во која ќе биде објаснето колку апликации биле пристигнати на разгледување пред Комисијата за избор на програмски содржини, и кои се проектите кои биле одобрени од Комисијата за избор на програмски содржини.
**Заклучок:**
Програмскиот совет на МРТ го разгледа Извештајот на склучени договори за период од Декември 2020-Февруари 2021, и го задолжува Директорот на МРТ и Одоговрните уредници на Прв и Втор програмски сервис МТВ да достават Информација во која ќе биде објаснето колку апликации биле пристигнати на разгледување пред Комисијата за избор на програмски содржини, и кои се проектите кои биле одобрени од Комисијата за избор на програмски содржини.
**Заклучок:**
Програмскиот совет на МРТ ја задолжува Комисијата за избор на програмски содржини во МТВ да ги достави на разгледување до Програмскиот совет на МРТ сите Одлуки за избор на програмски содржини за периодот од месец април 2020 до април 2021 година.
Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија предложи да бидат препратени уште еднаш заклучоците за да се добијат одговори.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По однос на оваа точка беше разгледано Брајњето од Мрежа за мултикултурно општество со бр.03-2058/1 од 22.04.2021 година и по разгледувањето беше предложен
Заклучок:
·Програмскиот совет на МРТ го разгледа и го подржува Барањето на здружението „Мрежа на мултикултурно општество“ со бр.03-2058/1 од 22.04.2021 година, и притоа им укажува на одговорните уредници на Прв и Втор програмски сервис на МТВ да остварат контакт со одговорните лица на здружението за понатамошна соработка
-Зклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Членот Златко Јанковски со прашање по однос на информацијата која ја побарав на минатата седница по тековен продукт на МТВ со наслов „Моја сторија“ по која побарав целосна информација,затоа што имавме скандалозни реакции на јавноста за емитување на некоја скандалозна емисија на програмите на МРТ во која под буквата Л е лебејка,Г е геј,Т е трансексуалец, и тоа во удраните термини на МТВ преку ден, и притоа не гледам зошто е толку тешко за една недела да се достават информации за емисија што ја емитира самата МТВ.

Седницата заврши во 13:10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател